# ДА ГО ОДБРАНИМЕ КАРПОШ!

## ДА ГО ЗАЧУВАМЕ ДОСТОИНСТВОТО!

ПРОГРАМА 2025-2029




# Стевчо Јакимовски

Градоначалник на Карпош

искуство за УСПЕХ

ГРОМ
ГРАЃАНСКА ОПЦИЈА ЗА МАКЕДОНИЈА

ЛИБЕРАЛНО ДЕМОКРАТСКА ПАРТИЈА

PCER

ИНТЕГРА / INTEGRA

## Почитувани мои карпошанки и карпошани,

Со оваа општина управувам подолго време. Промените се видливи, ништо не е паднато од небо. Се' што е направено, заедно сработивме. Вашите пари секогаш беа искористени за вистински проекти. Денес сите ги гледаме резултатите. Тие се видливи, и многу сум ви благодарен што не верувавте и не верувате на приказни, туку на резултатите. Заедно изградивме и реконструиравме:

- 225 улици;
- 50 км канализациона и водоводна мрежа;
- 5.200 нови светилки;
- 20 осветлени спортски терени од кои десет со вештачка трева;
- Велосипетска патека на Вардар, шеталиште, осветлување;
- 77.000 метри квадратни паркови;
- 10 комплетно, (по втор пат) реновирани училишта;
- 9 реновирани градинки;
- Една градинка градиме нова и наскоро почнуваме да градиме уште една;
- 4 фонтани;
- 6 плоштади;
- Во секое училиште нова компјутерска сала;
- Секое училиште од 5 до 9 одделение опремено со смарт панели;
- Во сите училишта соларни панели;

Во овој период научивме и некои лекции, како да се бориме со проблемите дури и при опструкции од невидени размери, да обезбедуваме мнозинство, да вратиме долгови, да градиме инфраструктура, да осветлуваме, да го подобруваме ученичкиот стандард. Сето ова го направивме со блокада во советот на општината, со блокирана жиро сметка и со политички партии и поединци кои не и мислат добро на општината, но со моето искуство успеав да ги надминам овие состојби и Карпош да оди напред.

Некои се прашуваат зошто кандидатура по петти пат?

Тие веројатно не знаат дека мојата кандидатура произлегува од вас и вашето мислење преточено во јавните анкети, каде вие мене ме одредувате како ваш прв избор за градоначалник.

Следната причина е што имаме уште проблеми да решаваме и затоа што имаме нови проекти кои ќе значат подобрување на животот и стандардот на граѓаните.

Трето, вие до сега докажавте дека за да ја водиш општина Карпош не мора да имаш голема партија зад себе, туку моќен градоначалник со визија и посветеност, подготвен да сослуша и да помогне на секој граѓанин, и во секој дел од општина Карпош.
За жал, претставниците на власта во изминатиот период не се потрудија да му помогнат, туку да му одмогнат на Карпош, да ја одземат спортската сала Наум Наумовски Борче, да го блокираат советот, да гласаат против Буџетот, администрацијата, градинките и училиштата да не земат плата, да не се одржува хигиената.

Кога и тоа ќе го пребродиме тие се обидуваат да нападнат од надвор, злоупотребувајќи ја најважната институција во државата, судот, а последниве денови водат специјална војна против вас граѓаните на Карпош преку управниот одбор на ЈП Комунална хигиена, да не го собираат сметот.

Но, на Карпош не му беше лесно ни кога работеше со блокирана сметка и кога беше опозиција на разни влади. Токму тоа нашата општина ја направи да биде посилна поубава и како што вели мојот противкандидат „најпосакуваната општина за живеење“. Тоа е така затоа што Карпош е силен и таа сила ја црпиме од граѓаните и за среќа има лидерство и тим и секогаш нова енергија за нови битки. **ТИЕ БИТКИ КАРПОШ СЕКОГАШ ГИ ДОБИВА**.

И сега заедно со вас ќе ја добиеме оваа битка и затоа ве повикувам **ДА ГО ОДБРАНИМЕ КАРПОШ, ДА СИ ГО ЗАЧУВАМЕ ДОСТОИНСТВОТО!** Зошто ова е општина со свој индентитет, свои надлежности, свое водство. Не потклекнува и не се дава на политички игри. Впрочем, не е битно колку си голем, туку колку мудрост во себе имаш.

Искрено ваш,
***Градоначалник Стевчо Јакимовски***

Стевчо Јакимовски 1
Градоначалник на Карпош

# ШТО НАПРАВИВМЕ ЗА ОВИЕ ЧЕТИРИ ГОДИНИ:

1. Општината имаше блокирана сметка од 5,5 милиони евра и 650.000 евра не платен данок во УЈП. За 14 месеци сето ова беше расчистено и од страна на министерството за локална самоуправа бевме прогласени за општина која најбрзо ги враќа своите долгови.
2. Општината беше нападната со чудни пресуди со вкупна вредност од 6,2 милиони евра. И овие обврски успешно ги сервисира.
3. Ја пуштивме во употреба новата општинска зграда.
4. Поставивме ново улично (смарт) осветлување во цела општина Карпош.
5. Ги реконструиравме сите основни училишта.
6. Ја модернизиравме наставата од 5 до 9 одделение.
7. Ги направивме училиштата енергетски ефикасни, односно не да трошат, туку да продаваат електрична енергија.
8. Реновиравме тоалети во училиштата, набавуваме спортски реквизити, набавени се преку 700 столчиња и 130 клупи.
9. Реновиравме две спортски сали во ОУ Аврам Писевски и Христијан Тодоровски Карпош, поставивме нов покрив во спортската сала на ОУ Братство.







10. Набавувавме принтери, клима уреди, поставувавме нови безжични интернети, во секое училиште го зголемивме фондот на лектирни изданија.

11. Во некои училишта се поставени надворешни заштитни ролетни, во Петар Поп Арсов е отворена медијатека со нов училишен мебел.

12. Во сите училишта обезбедени се нови ПП апарати, хидрантски црева, како и подобрување на хидрантската мрежа.

13. Набавени се фотокопири, дидактички материјали, спортски реквизити.

14. На десет спортски терени поставивме вештачка трева.

15. Интервенираме на 84 места со реконструкција на канализациона мрежа.

16. Поставени се девет нови термички фасади или вкупно шеесет згради.

17. Заменет е покривот на градинката Орце Николов во Карпош 3. Поставени ПВЦ подови во сите занимални. Целосно опремена сензорна соба. Сменет мебел и креветчиња во девет занимални.

18. ЈОУДГ Орце Николов Карпош 4 – реновирани се четири тоалети, сменет мебел и поставен ПВЦ под во четири занимални и хол, како и теписи за сите занимални. Набавени се играчки и дидактички материјал, како и нови персонални компјутери.

19. ЈОУДГ Орце Николов обновено игралиште во Карпош 2

20. ЈОУДГ Мајски Цвет, во објект Тафталиџе 2 - сменет дел од азбестен покрив, нова сензорна соба, променети дел од прозорите со нови ПВЦ, набавено ново возило за дистрибуција на храна, изградба на нова градинка во Мајски Цвет во Тафталиџе 1, нови ПП апарати.

Стевчо Јакимовски
Градоначалник на Карпош
1

# ДА ГО ОДБРАНИМЕ КАРПОШ!
*ДА ГО ЗАЧУВАМЕ ДОСТОИНСТВОТО!*








21. ЈОУДГ Пролет - обновени се сите санитарни чворови, реновирани јасли, заменети метални креветчиња со нови дрвени во управа и клон „Сончогледи“, реновирана занимална со нов мебел и шкафови, нови ПП апарати.

22. ЈОУДГ Распеана Младост – сменета ограда во дворот на градинката, фарбање на објектите во Карпош 1 и во Бардовци и сменети шкафчиња во две занимални.

23. Реновирано спортското игралиште „Сокол“.









24. Субвенционираваме поставување на лифтови и менување на азбестни покриви.

25. Субвенционираваме купување на велосипеди и електрични тротинети.

26. Субвенционираваме часови за полагање на возачки испит за средношколци.

27. Стипендиравме талентирани ученици и спортисти и ги наградувавме првенците на генерации од општинските училишта.



Стевчо Јакимовски
Градоначалник на Карпош
1

# I. ПРОГРАМА
2025-2029




### 1. СУБВЕНЦИИ ЗА ПОЛАГАЊЕ НА ВОЗАЧКИ ДОЗВОЛИ

Трошоците за полагање на возачки дозволи за средношколците ќе се субвенционира во целост. (Трошоци за обука, лекарско уверение, полагање за прва помош и трошоците за првото полагање)




### 2. СУБВЕНЦИИ ЗА ЛИФТОВИ

Максималната сума се зголемува од 50% на 60% од вкупната вредност, односно од 500.000 денари се зголемува на 650.000 денари.

### 3. СУБВЕНЦИИ ЗА АЗБЕСТНИ ПОКРИВИ

За индивидуалните куќи субвенциите се зголемуваат од 120.000 денари на 150.000 денари, а за колективните од 350.000 денари се зголемува на максимални 600.000 денари.




### 4. СТИПЕНДИИ ЗА ТАЛЕНТИРАНИ УЧЕНИЦИ И СПОРТИСТИ

Стипендиите од прва категорија ќе се зголемат од 3.500 денари на 5.000 денари, а од втора категорија од 3.000 денари на 4.000 денари.

### 5. СУБВЕНЦИИ ЗА ВЕЛОСИПЕДИ И ЕЛЕКТРИЧНИ ТРОТИНЕТИ

Се зголемува субвенцијата за велосипеди од 4.500 денари на 7.000 денари, а субвенцијата за електрични тротинети 6.000 денари на 9.000 денари.




### 6. СУБВЕНЦИЈА ЗА БУШЕЊЕ БУНАРИ ЗА ТЕХНИЧКА ВОДА

Оние граѓани кои имаат дворови и бавчи ќе добијат субвенции максимум до 2.000 евра за да направат бушотина, да постават пумпа и наводнувањето на зеленилото и на бавчата да не го вршат од водата на градскиот водовод. Со ова ќе ја штедиме потрошувачата на питка вода. Здружени граѓани (четири или пет заедно) општината ќе им даде до 5.000 евра за да направат бушотина, резервоар и заеднички систем за полевање на дворовите.



### 7. СУБВЕНЦИИ ЗА ПОСТАВУВАЊЕ НА ФОТОВОЛТАИЧНИ СИСТЕМИ

за производство на електрична енергија на индивидуалните домаќинства. Субвенцијата ќе изнесува до 120.000 денари или до 35 проценти од вкупната вредност.

### 8. СУБВЕНЦИОНИРАЊЕ НА ВОЗИЛА НА ЕЛЕКТРИЧЕН ПОГОН

Ќе се субвенционираат возила на електричен погон до 150.000 денари во зависност од возилото, со цел континуирано да се намалува бројот на возила кои користат фосилни горива.

### 9. СУБВЕНЦИИ ЗА ИНВЕРТОРИ

Општината ќе субвенционира купување на инвертори до триесет проценти од сумата за оние граѓани кои во моментот користат огрев на цврсто гориво.

### 10. ЕЛЕКТРИЧНИ АВТОМОБИЛИ ЗА ДЕЧИЊА

На сите плоштади (Делфина, КЈП, Карпош 3, Млечен и Бардовци) ќе бидат поставени електрични автомобили за дечиња до седум годишна возраст кои ќе ги користат бесплатно.

### 11. ГОДИШЕН БУЏЕТ ЗА СЕКОЈА УРБАНА ЗАЕДНИЦА

Од наредната 2026 година секоја урбана заедница во општината ќе добие од 15.000 евра до 25.000 евра годишно, во зависност од бројот жители, за граѓаните сами да одлучат во приоритетни проекти ќе инвестираат.




### 12. РЕШЕНИЕ ЗА ПРОБЛЕМОТ СО ПАРКИРАЊЕТО

Голем проблем се создава со зголемениот број на возила. Реално бројот на жители во Карпош во изминативе дваесет години е зголемен само за 2.000, од 63.000 жители на 65.000 жители, а бројот на возила е драстично покачен. Како резултат на подобрениот животен стандард најголем дел од семејствата веќе поседуваат две, три, па и повеќе возила. Решенија мора да бараме заеднички. Дел од прашањето ќе го разрешиме со воведување зонско паркирање на сите контактни делови со други општини:

- Карпош 1 и Карпош 2- веќе има воведено зонско паркирање заради намалување на бројот на возила кои се паркираат на наша територија од општина Центар.

- УЗ Владо Тасевски- повеќе од две години изработен е елаборат и донесена одлука за воведување на зонско паркирање, меѓутоа согласноста е заглавена на линија Град Скопје - Министерство за внатрешни работи.
- УЗ Кузман Јосифовски Питу - делот кај Министерство за економија, се изготвува елаборат за воведување зонско паркирање за да се запре паркирањето на возилата на граѓаните кои имаат второ и трето возило од општина Центар.
- Во Влае 2 да се воведе зонско паркирање за да ги заштитиме граѓаните на Влае од возила кои ги паркираат граѓаните на Ѓорче Петров и Хром.
- Во Влае 1 воведување на зонско паркирање во населба Маврово, населба Водовод и лево од улица Иван Цанкар со цел да се отстранат возилата кои се паркираат на територија на општина Карпош од општина Ѓорче Петров, комплекс Александрија.

**ПОКРАЈ ТОА, ПОТРЕБНИ СЕ И ИНВЕСТИЦИИ ВО КАТНИ ГАРАЖИ И ПЛАТФОРМИ:**

- Карпош 1 - веќе се изготвува проект за катна гаража за 160 возила.
- Карпош 2 - кај машински факултет, нарачан проект за катна гаража за 150 возила.
- Карпош 3 - решавање на паркирањето во Лептокарија со две нивоа, подземен паркинг за околу 350 возила и изградба на плоштад со шеталиште и фонтана. Со ова ќе се реши дел од проблемот и на граѓаните кои живеат спроти Лептокарија, на Партизанска.
- Катна гаража кај Млечен за 100 возила.
- Катна гаража на паркингот кај Министерство за економија за 150 возила.
- Катна гаража во УЗ Нерези на паркингот кај двете воени кули, со три нивоа под земја и две над земја, за 150 возила.
- Порта Влае - пред плоштадот Делфина, катна гаража три нивоа под земја и две над за 180 возила.

Покрај ова, се предвидува по една платформа за паркирање во Карпош 1, Карпош 2, Карпош 3, Карпош 4, Порта Влае, Педагошка академија и Млечен.

Се подготвува посебен режим на сообраќај во Карпош 3, делот кој гравитира кон Воена болница и делот кон Сити мол, како и делот од Карпош 4 кој гравитира кон Сити мол. Исто така посебен режим на сообраќај е предвиден во делот на Тафталиџе 2 кај пазарчето.

Решавање на паркирањето долж улицата Прашка.

# II. ИНФРАСТРУКТУРА

**Изградени и реконструирани улици:**

- Реконструкција на крак од улица Влае, во УЗ Влае 1
- Реконструкција на крак од улица Марк Твен, УЗ Влае 1,
- Реконструкција на улица Теодосиј Синаитски, УЗ Пецо Божиновски Кочо
- Реконструкција на улица Трнодол, УЗ Пецо Божиновски Кочо
- Крак од улица Козле 1, УЗ Нерези
- Реконструкција и асфалтирање на Козле 3, УЗ Нерези
- Реконструкција на крак од Козле 10, УЗ Нерези




- Реконструкција на улица Козле 9, УЗ Нерези
- Реконструкција на улица Козле 12, УЗ Нерези
- Реконструкција на крак 2 и 3 од улица 10 во УЗ Бардовци
- Реконструкција на крак 2 и 3 од улица 1 и 6 од УЗ Бардовци
- Реконструкција на крак од улица 4 и улица 14 од МЗ Бардовци
- Реконструкција на сообраќајна површина од улица 2 во МЗ Бардовци
- Асфалтирање на новопроектирана улица „Е“ и новопроектирана улица „З“ во УЗ Бардовци




- Изградба на улица 6, УЗ Бардовци
- Изградба на атмосферска и фекална канализација на Јуриј Гагарин, УЗ Кузман Јосифовски Питу
- Изградба на фекална канлаизација на улица 2, УЗ Бардовци
- Изградба на фекална, атмосферска и водовдна мрежа на новопроектирана „Е“ и новопроектирана „З“ во УЗ Бардовци.
- Дислокација на водоводна мрежа на улица Гари, УЗ Влае 1
- Реконструкција на фасада на станбен објект на улица Брадфордска 1, УЗ Кузман Јосифовски Питу
- Реконструкција на фасада на станбен објект на улица Јуриј Гагарин 47, 49, 53 (кула 10), УЗ Кузман Јосифовски Питу
- Реконструкција на фасада на станбен објект на улица Миле Поп Јорданов 70 , УЗ Пецо Божиновски Кочо
- Реконструкција на фасада на станбен објект на улица Веселин Маслеша 1, УЗ Карпош 2
- Реконструкција на фасада на станбен објект на улица Бриселска 10, УЗ Тафталиџе 2
- Реконструкција на фасада на станбен објект на улица Орце Николов 153а, УЗ Карпош 1 (завршен тендер, се чека да се почне реконструкција)
- Реконструкција на фасада на станбен објект на улица Желево 1 и Невеска 2, УЗ Карпош 4

# III. ОДРЖУВАЊАЕ НА ХИГИЕНАТА И ЗЕЛЕНИЛОТО

Овој систем на едно претпријатие за цел град се покажа тотално нефункционален, граѓаните добиваат лоша услуга во делот на индивидуалната и колективната хигиена. Карпошани бараат колку пари плаќаат, таков и квалитет на одржување на хигиена и зеленило да имаат. Во конкрентниот случај, многу плаќаме, малку добиваме. Граѓаните од Општина Карпош се најредовни плаќачи на сметките за одржување на зеленило и водоснабдување со над 85 проценти. Постојат општини чиј процент на наплата е под 45 проценти кои добиваат дури и подобра услуга од јавните комунални преткријатија во однос на општина Карпош.




Инсистираме да се направат законски измени, граѓаните да ги уплаќаат средствата во општината, а општината да плаќа на економскиот оператор кој ќе ја одржува хигиената и зеленилото по учинок (тон изнесен смет, метри квадратни очистени јавни површини, метри квадратни окосено и одржувано зеленило, кубици на исечени исушени дрва, скастрени гранки итн.) Дали овој систем што ние го предлагаме е подобар покажува фактот што сите градови низ републикава се почисти од Скопје затоа што таму градоначалниците се директно одговорни за хигиената.



# IV. УРБАНО ЗЕЛЕНИЛО И ЕКОЛОГИЈА

Општина Карпош располага со највисок процент на урбано зеленило во Скопје, според официјалните податоци од Зелениот катастар:

- 27,8% од сите евидентирани дрвја во Скопје се наоѓаат токму во Карпош — вкупно 22.362 дрвја
- 7.942 грмушки, што претставува 17,5% од градскиот фонд, се засадени на територијата на општината

Овие податоци произлегуваат од деталната Студија за урбаната дендрофлора, изработена од експертски тим од Факултетот за шумарски науки, пејзажна архитектура и екоинженеринг. Студијата ги анализира зелените површини по градски четврти, во согласност со Генералниот урбанистички план на Скопје.

Зелените површини во Карпош не се само естетски елемент — тие се суштински дел од локалниот екосистем, директно поврзани со квалитетот на живот, чистиот воздух и урбаната микроклима. Токму затоа само во последните четири години општина Карпош има засадено повеќе околу 1.500 нови садници дрјва и околу 1.800 украсни растенија (помали дрвца, украсни грмушки).



**Типови зелени површини**

- Паркови и плоштади
- Зелени појаси долж булевари и речни брегови
- Зеленило околу станбени објекти и меѓу блокови
- Спомен-паркови и заштитени подрачја
- Зеленило во училишта, здравствени и социјални установи
- Простори за спорт, рекреација и физичка култура

# V. ФУНКЦИОНИРАЊЕ НА ИНСПЕКЦИЈАТА

Сегашните инспекциски надлежности во делот на градежништвото екологијата и комуналниот ред се недоволни, трае долго и не го постигнува ефектот врз прекршителите, туку инспекциите ги прави нефункционални и наместо ред во оваа област се создава револт кај граѓаните, а престапниците се стимулираат да ги повторуваат прекршоците.




- Градежна инспекција- бараме законски измени во кои за да се биде градежен инспектор, покрај, завршено високо образование седми степен градежен факултет, да се дозволи оваа должност да ја обавува и дипломиран правник со седми степен образование. Ова го предлагаме затоа што во моментот голем број општини немаат градежни инспектори, а општина Карпош има само еден кој е недоволен да ги санкционира сите прекршители. На ваков начин ќе се обезбедат повеќе инспектори кои секоја градба ќе можат да ја контролираат и санкционираат уште во почетокот на градбата.
- Процедурата за носење решенија за отстранување на бесправно изграден објект мора драстично да се скрати.
- Комуналната инспекција мора да прерасне во комунална полиција која ќе има дури и полициски овластувања (да може да легитимира, да приведе, физички да неутрализира и да побара притвор за големи и насилни прекршители).
- Паралелно со ова мора да се промени казнената политика.
- Заедно со Градот Скопје и Владата мора да обезбедиме депонија за градежен шут и депонија за кабаст отпад зошто не може само да предвидуваме казни. Мора на граѓаните да им обезбедиме соодветно место каде ќе го одлагаат овој отпад.
- Инспектор за домување- неопходна е целосна измена на законот за домување затоа што сегашните ингеренции на инспекторот за домување се минимални и затоа е потребно овој закон да претрпи сериозни измени со цел особено да се заштитат граѓаните кои живеат во колективните станбени згради.

# VI. ПРОЕКТИ ПО МЕСНИ ЗАЕДНИЦИ:

## КАРПОШ 1

- Изградба на катна гаража (нарачан проект).
- Изградба на платформа за паркирање.
- Реконструкција на фасади на станбени објекти на улиците Гиго Михаловски 9, Никола Тесла бр. 4 и бр. 18, Иван Агоски бр. 8 и бр. 11, Бранислав Нушиќ бр. 7.



## КАРПОШ 2

- Катна гаража кај Машински факултет.
- Атмосферска канализација на Партизански одреди бр 80 (56).
- Реконструкција на крак на улица „8-ми Септември“.
- Реконструкција на фасади на станбени објекти на улиците 8-ми Септември бр. 10, бр. 12 и бр. 14, Шекспирова бр. 1, бр. 3, бр. 7 и бр. 9, Бранислав Нушиќ бр. 4, бр. 9, бр. 12, бр. 13 и бр. 17, Руѓер Бошковиќ бр. 9 и бр. 11, Веселин Маслеша бр. 7.



## КАРПОШ 3

- Регулирање на режимот на сообраќај кон Градска општа болница „8-ми Септември“ и Сити мол.
- Проширување на паркингот пред Пелистерска 1.
- Ставање нови канделабри на Карпошево востание 8, карши Пелистерска 4 и Манапо 6.
- Реконструкција на фасади на станбени објекти на улиците Манапо 4 и 6, Пелистерска Радика 5, Ограждeн 4, Струма 4.
- Катна гаража, шеталиште и нови фасади на зградите во Лептокарија.

## КАРПОШ 4

- Изградба на две катни гаражи (една кај трите кули до мостот Обединети Нации и втора кај комплексот Макотекс).
- Реконструкција на паркинзи.
- Реконструкција на плочникот кај трите кули и реконструкција на дел од ТЦ Антико.
- Реконструкција на тротоарот на улица Разловечко востание.
- Реконструкција на фасади на станбени објекти на улиците Воденска 11, Невеска 4, Разловечко востание 1, Трифун Бузов 3.
- Посебен режим на сообраќај на делот кој гравитира кон Сити мол.

## ВЛАЕ 2

- Изградба на катна гаража пред Порта Влае.
- Платформи за паркирање.
- Нова урбана опрема на плоштадот Делфина.
- Реконструкција на паркот за миленици и поставување на нова урбана опрема на спортските терени во УЗ Влае 2.







## БАРДОВЦИ

- Поплочување на краци од улици 2, 4, 6, 8, 12 и 18.
- Поставување на улично осветлување на улица 2 (покрај пругата) и на улица 1687.
- Изградба на фекална канализација на улица 2 покрај пругата и на улица 10 (кај конакот).
- Поставување на хоризонтална и вертикална сигнализација.
- Поставување на трибини на фудбалското игралиште.

## ЗЛОКУЌАНИ

- Патека за пешаци и велосипеди кај Томато до новиот мост.
- Изградба на три детски игралишта.
- Изградба на детска градинка.
- Изградба на повеќенаменско спортско игралиште на кеј на реката Вардар.
- Осветлување на левиот брег на Вардар
- Реконструкција на улица Скупи (покрај кејот на Вардар)

Стевчо Јакимовски 1
Градоначалник на Карпош



## ВЛАДО ТАСЕВСКИ

- Фасада на Борка Талевски 60 и Теодосиј Гологанов 80, агол Партизанска и 8-ми Септември.
- Нова урбана опрема на плоштадот кај Млечен.
- Катна гаража кај Млечен.
- Поставување на дополнителни канделабри за улично осветлување на повеќе места.
- Реконструкција на летниковецот пред Партизански одреди 79.
- Целосна реконструкција на урбаната опрема на плоштадот пред Педагошка академија.
- Платформа за паркирање кај Педагошка академија и кај Веро.





## НЕРЕЗИ

- Крак од улица Демир Трајко.
- Асфалтирање на крак на улица Ванчо Мицков.
- Изградба на две улици, крак од Козле 1.
- Ново детско игралиште во Средно Нерези.
- Канализација на Козле 3.
- Поплочување на паркинг на улица Козле 10 (кон Вардар) и крак од Козле 10.
- Две детски игралишта (едно кај спортските терени и на крајот на Козле 10).

## ВЛАЕ 1

- Нов објект за Св. Атанас.
- Реконструкција на покривот на УЗ Влае 1.
- Воведување на зонско паркирање во делот на населба Маврово, од улиците Иван Цанкар и Петар Чаулев до улица Гари.
- Ново детско игралиште меѓу Драгутин Аврамовски - Ѓуте и Франц Прешерн.

## КУЗМАН ЈОСИФОВСКИ ПИТУ

- Изградба на нова градинка Пролет (Канела).
- Канализација на улица Ловќенска 4.
- Ново сообраќајно решение за Ловќенска 1, 3, 5 и 7.
- Катна гаража кај ОУ Владо Тасевски.
- Нов урбанистички план за граѓаните на Јуриј Гагарин.
- Урбана опрема и спортски реквизити на полјаната кај „Шпанско село“.







## ПЕЦО БОЖИНОВСКИ КОЧО

- Реконструкција на улица Огражден.
- Нов урбанистички план за граѓаните кои живеат меѓу Јуриј Гагарин и Теодосиј Гологанов.
- Асфалтирање на два крака од Теодосиј Синаитски (над резервоарот).




## ТАФТАЛИЏЕ 1

- Реконструкција на фасади на станбени објекти на улиците Варшавска 5, 7, 9, 17 и 19.
- Пешачки патеки меѓу Букурешка и Варшавска.
- Решавање на паркирањето долж Прашка и Париска.
- Решавање на паркирањето на зграда 8-ми Септември 7.

## ТАФТАЛИЏЕ 2

- Реконструкција на фасади на станбени објекти на улиците Бриселска 6,7,8 и 9, Васил Чакаларов 2,4,6 и 8.
- Реконструкција на паркинг на Бриселска бр. 9.
- Реконструкција на улица Софиска.
- Поплочување на делот помеѓу руска 10 и улица Димитар Митрев и Демир Трајко зградите.
- Реконструкција на пешачки патеки на Московска бр.5 и бр.7.
- Асфалтирање на дел од Димитар Митрев (кај американското училиште)
- Асфалтирање на Бањалучка

ПОВЕЌЕ
# РЕЗУЛТАТИ
ПОМАЛКУ ИЗГОВОРИ

искуство за УСПЕХ